ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2009/8
30-07-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител поднесена во електронска форма, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2009/1 од 21.05.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2009/1 од 21.05.2026 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2009/1 од 21.05.2026 година е оформен по пријава во електронска форма од страна на непознат подносител во која се дадени наводи за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК од страна на ______________________ за престанок, како и за назначување на функцијата Секретар на општина ________________.

Државната комисија изврши увид во базите на податоци со кои располага, при што констатираше дека ____________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот, како и во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на назначувањето на функцијата Секретар на општина _____________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 и став 3 од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршоци казниви по член 109 став 1 алинеја 1 и алинеја 2 од истиот закон.

Во врска со тоа ДКСК изготви записници за констатиран прекршок бр.08-2009/2 и бр.08-2009/4 од 09.07.2026 година и прекршочни платни налози бр.08-2009/3 и бр.08-2009/5 од 09.07.2026 година кои ги достави до ______________________.

Истиот ги плати наведените глоби во рок од 8 дена од приемот на прекршочните платни налози.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: Е.П., советник

Контролирал: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение

Согласен: К.З., раководител на сектор